ООУ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
С.МИЛАДИНОВЦИ

# ИНТЕРЕН ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ ПОФАЛБИ, НАГРАДИ И ПЕДАГОШКИ МЕРКИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ С.МИЛАДИНОВЦИ

АВГУСТ, 2025

Врз основа на Законот за основно образование, Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 год. и одредбите на Правилникот за оценување, напредување, полагање на испити, видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во основното училиште (Сл. Весник бр.27/96), Наставничкиот совет на ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци , на седницата одржана на ден -------------------- 2025 година донесе

**ИНТЕРЕН ПРАВИЛНИК**

**ЗА ВИДОВИТЕ НА ПОФАЛБИ, НАГРАДИ И ПЕДАГОШКИ МЕРКИ ЗА**

**УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ„ С. МИЛАДИНОВЦИ**

# ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

Член 1

Со овој правилник се уредуваат видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во училиштето и се уредува начинот на нивното доделување или изрекување.

Член 2

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивни особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите резултати со воспитно-образовната дејност.

Член 3

Пофалбите и наградите можат да се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа или паралелка во текот или на крајот на наставната година.

Член 4

Ученик се пофалува и наградува ако се истакнува со континуирано залагање и напредување вонаставата:

- Континуирано залагање и напредување вонаставата;
- Залагање и постигнат успех во слободните ученички активности; (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови ислично).
- Примерно поведение и позитивно однесување во училиштето и надвор однего;

- Залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина ( производствени, хуманитарни, културнидр.)

Член 5

Пофалби и награди се доделуваат на паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

Член6

Пофалби и награди се доделуваат и на група ученици, секција или екипа која постигнува особени резултати (прво, второ, трето место на натпревари, како и група или секција која постигнува особени резултати во определена активност во училиштето и надвор однего).

Според конкурсот, потребни се следниве документи :

- Добиени награди на ниво на училиште, општинско ниво, градско, (регионално), државно,меѓународно);
- Потврди заучество;
- Признанија и благодарници;
- Документ со кој што ќе се докаже дека учествувал во слободните ученичкиактивности;
- Доказ за најмал број наизостаноци;
- Активности на ниво на уч. Организации, детски организации, Црвен крст идруго.....

Член 7

Предлог за пофалби и награди дава раководителот на паралелката, предметниот наставник или стручен соработник. Одлука за награда или пофалба ја донесува Наставничкиот совет по предлог на Комисијата за пофалби и награди. Комисијата за пофалби и награди треба да има 5 члена од редот на наставниците и по еден преставник ученик од секоја паралелка од 8 и 9 одделение.

Член 8

Пофалбите се доделуваат усно или писмено. Писмените пофалби се даваат во вид на дипломи, пофалници и признанија. Наградите се даваат во вид на определени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книга, билети за филмска, театарска, спортска и друга културно -уметничка претстава, платен престој во некое детско одморалиште, платено учество за

екскурзија, претплата на весници, списанија, ученички прибор, некој предмет и сл.)

Член 9

Доделување на пофалбите и наградите се врши на свечен начин пред учениците од паралелката, односно училиштето. Денот на свеченоста, односно денот на доделувањето на наградите, го определува Наставничкиот совет.

Член 10

Вообичаеното доделување на пофалбите и наградите се врши на патрониот празник на училиштето, крајот на полугодието или крајот на наставната година.

Член 11

За пофалбите и наградите се води писмена евиденција во училиштето.

# ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат видовите на педагошки мерки за учениците на ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци, како и начинот на нивното изрекување.

## II. ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Член 2

Педагошките мерки во основното училиште се применуваат кон учениците кои не ги извршуваат обврските и ги повредуват правилата на воспитно-образовната работа, а со цел да се постигне чувство на одговорност, спречување на негативните појави и непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

Член 3

Педагошките мерки се применуваат индивидуално и се темелат на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Забрането е телесно и психичко малтретирање на учениците.

Член 4

Педагошките мерки на учениците се применуваат за следните случаи:

- Нередовно посетување на наставата
- Нарушување на правилата на однесување кон другите ученици, наставници и возрасни;
- Неправилен однос кон училишниот имот
- Попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето.

Член 5

Пред изрекување на педагошка мерка, претходи разговор со ученикот и родителот/старателот на ученикот. Разговорот најпрво е должен да го води одд. раководител на ученикот, предметниот наставник, а по потреба и стручниот соработник или директорот на училиштето.

Член 6

Педагошки мерки се:

1. Усна опомена;
2. Писмена опомена;
3. Укор;
4. Преместување на ученикот во друга паралелка;
5. Намалување на поведението.

Член 7

Педагошките мерки од член 6 за учениците од 1 до 9 одделение ги изрекува:

1. Усна опомена - раководител на паралелката;
2. Писмена опомена - раководител на паралелка;
3. Укор- Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и Директорот на училиштето;
4. Преместување на ученик во друга паралелка - Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и Директорот на училиштето;
5. Намалување на поведението-Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и Директорот на училиштето;

Член 8

За учениците од 1 до 5 одделение се изрекуваат педагошките мерки од точка 1 и 2 од член 6.

Член 9

Педагошките мерки за несоодветно однесување се изрекуваат во следниве случаи:

1. ПЕДАГОШКА МЕРКА УСНА ОПОМЕНА

се изрекува во случај кога ученикот е три пати евидентиран во графата забелешки во одделенскиот дневник поради нарушување на воспитно-образовниот процес:

-непочитување на кодексот на однесување;

-непочитување на кодексот за облекување;

-нарушување на работната атмосфера на часот ( зборување на час, тропање по клупа, свиркање со уста, вербално расправање со наставник, излегување од час (или влегување ) без дозвола од наставник, користење мобилен телефон на час, непристојно (вулгарно) однесување кон соученик или наставник на час, одмор;

-валкање на училишниот простор и околината (пр.фрлање на отпад вон корпите за отпадоци);

-користење недозволени извори на податоци за препишување при тест, контролна задача или писмена работа.

2. ПЕДАГОШКА МЕРКА ПИСМЕНА ОПОМЕНА

се изрекува во случај кога ученикот е пет пати евидентиран во графата забелешки во одделенскиот дневник поради нарушување на воспитно-образовниот процес:

-зборување на часот и по изрекување на педагошката мерка усна опомена;

-валкање на училишниот простор и околината (пр.фрлање на отпад вон корпите за

отпадоци);

-оштетување на училишниот инвентар (помали штети: шкртање по клупи и ѕидови)

-користење на мобилен телефон за време на часот

-несоодветно комуницирање преку социјалните мрежи( упатување навреди, објавување недолични натписи и објавување фотографии од друго лице без дозвола)

- прикривање на ученици кои не припаѓаат на паралелката од страна на дежуренте ученици.

Во случај на организирано бегање од часови од страна на една паралелка се изрекува писмена опомена од раководителот на паралелката.

Доколку истата паралелка го повтори делото , педагошките мерки продолжуваат во континуитет, постапно. Ако некои од учениците, кои учат во таа паралелка, претходно имаат добиено некоја педагошка мерка, кај нив ќе биде запишана следната педагошка мерка.

3. ПЕДАГОШКА МЕРКА УКОР

се изрекува во случај кога ученикот е седум пати евидентиран во графата забелешки во одделенскиот дневник или следи по второ евидентирано (кај педагошко-психолошката служба, кај одделенскиот наставник или предметниот наставник) за неприфатливо однесување:

-предизвикување неред, создавање бука, довикување на часот;

-внесување или конзумирање на цигари и алкохол во училишниот двор и зграда;

-злоупотреба на мобилни телефони и други уреди во текот на наставата поради фотографирање и снимање недозволени содржини;

-поттикнување на други ученици на неприфатливо однесување;

-вознемирување на учениците или вработените во училиштето преку упатување на недолични и навредливи зборови(пцовки) и непристојни мимики и гестови;

-вршење сајбер насилство(континуирано вршење притисок преку користење на социјалните мрежи употребувајќи недолични зборови, неодобрено објавување на фотографии и видео записи со недолична содржина направени во училиштето кои вршат повреда на угледот, честта и достоинството на личноста);

-изнудување пари или други предмети од ученици;

-крадење од училишен, ученички или личен имот на наставници;

-поттикнување на говор на омраза, политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја;

-внесување на оружје и опасни предмети во училиштето и училишниот двор.

4. ПЕДАГОШКА МЕРКА ПРЕМЕСТУВАЊЕ ВО ДРУГА ПАРАЛЕЛКА

се изрекува при повторување на постапките за која има изречена педагошка мерка укор и во случај кога ученик ќе стори некоја од следниве постапки:

-попречување на воспитно-образовната работа со што е оневозможена нејзина понатамошна реализација;

-континуирана повреда на достоинството на други лица со навредување, омаловажување или ширење на лаги и невистини;

-поттикнување и внесување неовластени лица во училишниот двор кои потоа нанеле штета на лице/а или имот во училиштето;

-намерно уништување и нанесување поголема штета на училишниот инвентар, зграда, сала и двор;

-предизвикување и поттикнување насилно однесување (пр. пренесување на неточни информации кои се повод за насилното однесување, скандирање пред или по насилното

однесување и снимање со мобилен телефон сл.);

-поттикнување, предизвикување и учество во физичка пресметка или друго однесување кое може да ја загрози сопствената и туѓата безбедност.

5. ПЕДАГОШКА МЕРКА НАМАЛЕНО ПОВЕДЕНИЕ

се изрекува педагошка мерка намалено поведение на **добро** при повторување на постапките за кои ученикот има изречена педагошка мерка преместување во друга паралелка, како и во случај на :

- внесување или конзумирање психоактивни супстанции во училишниот двор и зграда;
- кражба од потежок карактер (обивање,провалување);
-внесување на оружје и опасни предмети во училиштето и училишниот двор;
- напад кој резултира со тешки физички последици за други лица;
-користење, злоупотреба, фалсификување и уништување на службени документи на училиштето, сопствени и податоци на друг ученик од педагошката документација;
- педагошка мерка намалено поведение на **незадоволително** при повторување на постапките за кои ученикот има изречена педагошка мерка преместување во друга паралелка и намалено поведение на **добро.**

Член 10

Истовремено со изрекување на педагошките мерки директорот на училиштето формира Тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот.

Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. Училиштето може да повика и трети лица, (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка.

Член 11

За секоја изречена педагошка мерка се известува ученикот, неговиот родител/старател. За изречените педагошки мерки од член 6 точка 3, 4 и 5 од овој Правилник, родителот има право да поднесе приговор до Училишниот одбор во рок од 7 дена од денот на известувањето на изречената педагошка мерка.

Член 12

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација:

-усна опомена (во дневник на паралелката, во евидентен лист за усна опомена)
-писмена опомена (во дневник на паралелката, во евидентен лист за писмена опомена)
-укор(во дневник на паралелката, Записник од тим за поддршка, Одлука од Наставнички совет за изрекување педагошка мерка)
-префрлување во друга паралелка (во дневник на паралелката, Записник од тим за поддешка и Одлука од Наставнички совет за изрекување педагошка мерка )
-намалено поведение (во дневник на паралелката, Записник од тим за поддршка и одлука од Наставнички совет за изрекување педагошка мерка )

Член 13

Изречените педагошки мерки од член 6 од точка 1 до точка 3 од овој Правилник важат најдолго до крајот на учебната година во која се изречени. Кога ќе настанат позитивни промени во однесувањето кај ученикот, изречената педагошка мерка- намалување на поведението се повлекува. За повлекување на педагошка мерка намалено поведение одлучува Одделенски/Наставнички совет.

Во одредени случаи кога е направено тешко прекршување на правилата на училишниот живот може да се пристапи кон изрекување на одредена педагошка мерка без да се следи редоследот на изрекување на педагошките мерки.

## III. ОТСУСТВО ОД НАСТАВА

Член 14

Секое изостанување или задоцнување на ученикот на наставен час задолжително се регистрира како оправден или неоправдан изостанок во одделенскиот дневник освен отсуство заради учество во вонучилишни активности (натпревари, квизови,проекти и сл.) и отсуство заради вонучилишни активности по писмено барање на родител/старател.

Член 15

Родителот/старателот на ученикот е должен за секое изостанување на ученикот од наставата да го извести одделенскиот раководител на ученикот. Известувањето треба да го стори навремено или истиот ден кога ученикот е отсутен од настава.

Член 16

Изостаноците на ученикот ги регулира (оправдува или неоправдува), раководителот на паралелката.

Член 17

Се оправдува отсуство на ученик кој добил дозвола од одделенскиот раководител, предметен наставник, стручната служба или директор на училиште.

Член 18

Одделенскиот раководител на паралелката може да одобри отсуство на ученикот од настава доколку неговото изостанување родителот/старателот го најави однапред, но не повеќе од (5)пет дена во наставната година.

Директорот на училиштето по писмено барање на родител/старател од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

Член 19

Доколку ученикот од било кои причини континуирано не ја следи редовната настава (една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети) и нема основа за оценување, полага одделенски испит според предвидените предмети со наставниот план. Оправданоста за причините ја оценува Наставничкиот совет.

Член 20

Раководителот на паралелката е должен однапред да го извести ученикот и неговиот родител/ старател со одлука на Наставничкиот совет дека ученикот ќе полага одделенски испит по одделни наставни предмети или сите наставни предмети.

Член 21

За учениците кои континуирано неоправдано отсуствуваат од настава повеќе од еден месец се известува просветниот инспектор во рок од три работни дена по истекот на месецот .

Член 22

Ако ученикот е отсутен повеќе денови од наставата, а истиот е на боледување или болничко лекување, родителот (старателот), на ученикот е должен во најкраток временски рок да го запознае раководителот на паралелката.

Член 23

За неоправдано изостанување на ученикот од наставата се изрекуваат следните педагошки мерки:

1. До 21 часа неоправдано отсуство од настава-усна опомена-одделенски раководител ;

2. Од 21 до 30 часа неоправдано отсуство од настава-писмена опомена-одделенски раководител ;

3. Од 31 до 46 часа неоправдано отсуство од настава-укор-Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и директорот на училиштето;

4. Од од 47 до 70 часа неоправдано отсуство на ученикот од настава-префрлување на ученикот во друга паралелка-Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и директорот на училиштето;

5. 71- 80 часа неоправдано отсуство на ученикот од настава намалување на поведението од примерно на добро поведение-Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и Директорот на училиштето;

6. Од 81 до 95 часа неоправдано отсуство на ученикот од настава - намалување на поведението од добро на незадоволително-Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и Директорот на училиштето;

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Со одредбите на овој правилник обврзно да се запознаат сите ученици и родители веднаш по неговото усвојување и стапување на сила како и на почетокот на секоја година.

Член 25

Обврска на секој наставник е да постапува, се повикува и раководи според членовите од овој правилник.

Член 26

Овој Правилник влегува во сила на денот на донесувањето и истиот ќе биде објавен на веб страната на училиштето.

Член 27

Во прилог на правилникот постои и соодветна педагошка документација;
-евидентни листи за изречена педагошка мерка;
-одлука за донесување на педагошка мерка;
-записник од разговор;
-одлука за тим за поддршка на ученикот

Правилникот го изготви тим во состав од: директор - Дарко Петковски, психолог -Татјана Н. Додевска, педагог - Кристина Ѓоргиевска, одделенски наставник - Драгица Апостоловска и предметен наставник - Александра Стоевска.

Август, 2025

Директор

____________________________

Дарко Петковски

# Прилози

Врз основа на член 72 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.161/05.08.2019год. и член 7 од Интерниот правилник за педагошки мерки за учениците во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци, одделенскиот наставник/раководител изрекува

**педагошка мерка усна опомена**

на ученикот_________________________________________од ________одд.

поради:

1. Нередовно посетување на училиштето
2. Нарушување на правилата на однесувањето кон другите ученици, наставници и возрасни
3. Неправилен однос кон училишниот имот
4. Попречување на воспитно образовната работа во паралелката и училиштето

Родителот/старателот _______________________________________________на

ученикот/ученичката______________________________________од _______одд.

е известен и запознат со изречената педагошка мерка и причините кои довеле до неа.

Скопје,___________год.

Одд.наставник/раководител Родител

___________________ ___________________

Врз основа на член 72 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.161/05.08.2019год. и член 7 од Интерниот правилник за педагошки мерки за учениците во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци, одделенскиот наставник/раководител изрекува

**педагошка мерка писмена опомена**

на ученикот_______________________________________________од _________одд.

поради:

1. Нередовно посетување на училиштето
2. Нарушување на правилата на однесувањето кон другите ученици, наставници и возрасни
3. Неправилен однос кон училишниот имот
4. Попречување на воспитно образовната работа во паралелката и училиштето

Родителот/старателот __________________________________________________на

ученикот/ученичката________________________________________од ________одд.

е известен и запознат со изречената педагошка мерка и причините кои довеле до неа.

Скопје,____________год.

Одд.наставник/раководител                                        Родител

____________________                                        ____________________

Врз основа на член 72 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.161/05.08.2019г.) и член член 7 од Интерниот правилник за педагошки мерки за учениците во ООУ „Браќа Миладиновци“с.Миладиновци, на седницата на Наставничкиот совет, одржана на_год., донесе

**ОДЛУКА**

за изрекување педагошка

мерка_____________________________________________ на

ученикот/чката____________________________________________од________одд.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Педагошката мерка на ученикот му се изрекува поради:

1.Нередовно посетување на училиштето
2.Нарушување на правилата на однесувањето кон другите ученици, наставници и возрасни
3.Неправилен однос кон училишниот имот
4.Попречување на воспитно образовната работа во паралелката и училиштето

ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе приговор до Училишниот одбор во рок од 7 дена од денот на приемот на одлуката.

Скопје,___________год.

Директор:

Примил родител:

______________________

Дарко Петковски

Врз основа на Член 72 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.161/05.08.2019г.) и врз основа на член 7,8,9,10 и 23 од Правилникот за педагошки мерки за учениците при ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци, одделенскиот раководител на ден _година, изготви:

**ЗАПИСНИК**

Од разговорот со ученикот___________________________________

од________одд. и родителот_______________________________________,

воден на ден______________година, поради изречена педагошка мерка__________________________________.

Во текот на разговорот на ученикот и родителот им е укажано на последиците што можат да произлезат од непочитувањето на одредбите од Законот за основно образование.

Тимот ги имаше во предвид сите околности што влијаеле ученикот да постапи спротивно на правилата на однесување во училиштето.
При изрекување на педагошката мерка ученикот, родителот и отанатите присутни изјавија:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Ученик __________________

Родител _________________

М.П

Скопје __________година

Тим за поддршка:

______________________

______________________

______________________

Согласно член 72 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.161/05.08.2019г.) и член 10 од Интерниот правилник за педагошки мерки за учениците на ден_______________год. директорот на ООУ„Браќа Миладиновци“с.Миладиновци, донесе

**Одлука**
**за формирање тим за поддршка**

на ученикот/чката ________________________________________од________одд.
на кој/која му/и е изречена педагошката мерка:

1. Усна опомена
2. Писмена опомена
3. Укор
4. Преместување на ученикот во друга паралелка
5. Намалување на поведението

Тимот за поддршка го сочинуваат :

1.____________________________________стручен соработник _________________
2.____________________________________стручен соработник_________________
3.____________________________________одделенски раководител_____________

Директор

________________________

Дарко Петковски